Kommunales
Integrationszentrum
Kreis Steinfurt




# Училишен прирачник за родители

des Kommunalen Integrationszentrums
Kreis Steinfurt

## MAKEDONISCH
## МАКЕДОНСКИ

KREIS
STEINFURT

## Драги родители,

во училиштето голем број луѓе учествува во развојниот процес на Вашето дете.

Тоа се:

- **Класен раководител, стручен наставник,**
- **Директор на училиштето, секретар,**
- **Социјален работник, воспитувач,**
- **Домар, домаќинка,**
- **Персонал за хигиена и многу други.**

Сите овие луѓе се дел од училишниот тим. За да може детето добро да се снаоѓа во училиштето и успешно да учи, дополнително му е потребна Вашата подршка и интерес.

Овде ќе најдете информации за општи работи за училиштето, на што треба да се внимава и како да му помагате на Вашето дете.

**Само со Вас, Вашето дете може да е силно!**

## Содржина


Обврска за школување 4

Училишен ред и однесување во училиште 5

Отсуство заради болест и оправданија 7

Училишен прибор 8

Здрав доручек 9

Можности за родителите да учествуваат во работата на училиштето 10

Подршка дома 12

Видови помош и лица за контакт 14






## Обврска за школување

Во Северна Рајна-Вестфалија постои обврска за школување. Деца кои до 30. септември ќе наполнат шест години мора да учествуваат во училишната настава.

Новата училишна година секогаш почнува во летниот период. Деца и младинци минимум десет години посетуваат училиште. Најпрво одат во основно училиште од 1. до 4. одделение. Потоа од  5 до 10 одделение во последователно училиште.

Обврската за школување завршува на крајот од училишната година во која детето ја навршува 18. година.

До тогаш мора да посетува училиште, или стручно училиште или да почне со професионална обука.

Вашето дете мора да учествува во сите училишни активности. Посебно

- Физичко и пливање,
- Веронаука/етика *,
- Одделенски излети и
- одделенски патувања.

На часовите по **веронаука/етика** се разговара за различните религии и вредностите во нашето општество. Целта не е воспитување во христијанска вера.

## Училишен ред и однесување во училиште

Темелот за соживот и учење во училиштето е Законот за училишта на Северна Рајна-Вестфалија. Секое училиште има задолжителен училишен ред. Во него е наведено што е дозволено, а што е забрането во училиштето и како се однесуваме едни со други.

**Генерално важи следново**

Едни со други се однесуваме љубезно и со почит!

Девојчиња и момчиња, жени и мажи се рамноправни!

Секој е прифатен каков што е!

Физичка и вербална сила се забранети. Проблеми и конфликти можат да се решат заеднички и на мирен начин.

Училишниот ред за Вашето дете ќе го добиете во текот на пријавувањето или во секретаријатот.



# Отсуство заради болест и оправданија

Важно е, Вашето дете секој ден точно на време да доаѓа на училиште и целосно да учествува во наставата.

Ако Вашето дете е болно, Ве молиме истиот ден претпладне да се јавите во училиште и да го пријавите Вашето дете дека е болно. Кога ќе оздрави, дајте му да понесе писмено оправдание.

При посебни поводи како верски или културни манисфестации, врз основа на однапред поднесено барање до училиштето може да се побараат денови за одмор.



## Телефонски повик до училиштето

Hallo! Mein Name ist Susanne .
*Добар ден! Се викам*

Ich bin der Vater/die Mutter von Tim .
*Јас сум таткото/мајката на* — Име на детето

Er/Sie geht in die Klasse von Herrn/Frau Müller .
*Тој/таа го посетува одделението на господин/госпоѓа* — Име на наставникот

Mein Kind ist krank.
*Моето дете е болно.*

Wahrscheinlich kommt er / sie morgen / am
*Веројатно ќе дојде утре на*

12. Juni wieder in die Schule.
Датум — *повторно на училиште.*

Vielen Dank. Auf Wiedersehen.
*Благодарам. Довидување.*

## Оправдание за училиштето

Mein Sohn/Meine Tochter Tim
*Мојот син/мојата ќерка* — Име на детето

konnte am 12. Juni nicht zur Schule
*на* — Датум — *не можеше да дојде на училиште*

kommen, weil er/sie krank war.
*затоа што беше болен/болна.*

Ich bitte Sie dies zu entschuldigen.
*Ве молам да го оправдате.*

Susanne Meier
Потпис

## Училишен прибор

На Вашето дете секојдневно му треба комплетен и уреден училишен прибор кој ќе си го носи во ранче/училишна торба соодветна на возраста..

**Тука спаѓаат**

**Ташничка/чантичка**
со моливи, острилка, гумичка, дрвени боички, налив-пера со мастило, патрони за мастило, лењир.

**Тетратки и книги за предметите кои ќе се учат тој ден.**
На распоредот на часови ќе видите кои предмети ќе се учат тој ден. Внимавајте на домашните задачи!

**Доручек и пијалок.**

**Што сé друго му треба на Вашето дете ќе дознаете кај неговиот наставник.**



## Здрав доручек

Здрав доручек дома како и за време на одморот во училиштето се важни елементи за да може Вашето дете добро да учи.

Доручекот треба да има многу малку шеќери и маснотии.



Би можел вака да изгледа

**Пијалоците се важни!**

На Вашето дете спакувајте му:
Вода, растворен сок или чаеви.
Никако лимонади како Кока Коли или Ајстее.



# Можности за родителите да учествуваат во работата на училиштето

Родителите во училиштето се многу важни! Затоа училиштето ѝ се радува на Вашата соработка и учество. Со тоа го подржувате Вашето дете во процесот на училишниот развој.

### Еве неколку подрачја

**Помош и контрола кај домашните задачи**
Тетратката за домашни задачи содржи задачи за детето како и информации и писма до родителите. Може да послужи како размена на писма меѓу Вас и наставниците. Молиме секојдневно да погледнувате во оваа тетратка!

**Лична или телефонска комуникација со наставниот кадар** во врска со училишните успеси и однесувањето на Вашето дете како и посебни прашања во врска со семејството се важна компонента. За да бидете достапни за наставниците или за итни случаеви, Ве молиме на училишниот секретаријат веднаш да им соопштите било какви промени на адресата или телефонските броеви.

Училиштето е демократска институција кај која што Вие како родители можете да учествувате и гласате при донесувањето на разни одлуки.

**Во таа цел постојат следните гремиуми:**

- Одделенски одбор: Се презентираат и договараат теми за одделението
- Училишен одбор: Се презентираат и договараат теми за училиштето
- Училишна конференција: Се донесуваат сеопфатни одлуки за училиштето

*Секогаш можете да го прашате класниот раководител каде би можеле да помогнете.*

**Учество во училишни манифестации како што се**

- Училишни прослави,
- Родителските средби се многу важни! Овде добивате информации за наставниците и за училишниот развој на Вашето дете,
- На родителските средби се сретнуваат родителите и класниот раководител, договараат теми и манифестации како што се прослави или излети на одделението.

## Подршка дома

Сакаме да Ви дадеме некои примери за тоа, како можете да му помагате на Вашето дете дома, за да биде и остане силно во училиштето.

**Интерес за училишното секојдневие**

Земете си време за детето и гледајте го/посветувајте му се, кога зборувате со него.

Проверувајте во ранчето дали сите материјали за утрешниот ден се целосно и уредно спакувани.

Придружувајте го Вашето дете во основното училиште на патот до училиштето.

**Можни прашања**

Како си помина?

Имаш ли домашни? Какви?

Дали има информации од наставникот?



**Домашни задачи**

Организирајте структуриран ден со

- постојани времиња,
- мирна и средена околина (ТВ, исклучен мобилен),
- секој ден погледнувајте во тетратката за домашни работи што треба да се сработи и дали во неа има важни информации,
- помагајте му на Вашето дете кога има проблеми,
- организирајте ако треба дополнителна настава (финансиска помош преку средства за образование и учество BuT),
- друг вид помош ќе добиете во советувалиштето за училишни и семејни прашања (на страна 14).

**Обликување на слободното време**

Зборувајте и играјте се со Вашето дете, имајте заеднички активности во склад со возраста како на пр. читајте му пред спиење, посетувајте библиотека, игралиште, …

Контакот со други деца му годи на Вашето дете. Можете на пр. да го пријавите во спортски клуб, музичко училиште, училиште за цртање или слично (BuT = Образование и учество).

Внимавајте, компјутерски игри и филмови да се во склад со возраста!

На Вашето дете му треба убав сон (> 8 ч), за наутро да стане одморено.



# Видови помош и лица за контакт

**Integrationskarte**

Институции, иницијативи и понуди за мигранти
(на германски, англиски и арапски јазик)
**www.kreis-steinfurt.de/integrationskarte**

**Sprachmittlerpool**

Здружението на преведувачи им помага на луѓе и институции, на пр. детски градинки, училишта, образовни институции, советувалишта и јавни служби со разни преводи
**www.kreis-steinfurt.de/sprachmittlerpool**

Понатамошни информации за ова ќе добиете
кај Комуналниот центар за интеграција на
округот Штајнфурт
Телефон 02551 69-2730, мејл integration@kreis-steinfurt.de
www.kreis-steinfurt.de/integration

**Regionale Schulberatungsstelle**

Родители и ученици можат за потешкотии и прашања во врска со темата училиште да се обратат кај регионалната служба за советување на округот Штајнфурт.

Регионална служба за советување
Телефон 02551 69-1579, мејл rsb@kreis-steinfurt.de
**www.kreis-steinfurt.de/schulberatungsstelle**



**Herausgeber**

Kreis Steinfurt | Der Landrat

Kommunales Integrationszentrum Kreis Steinfurt
Tecklenburger Str. 10 | 48565 Steinfurt
Tel. 02551 69-2730

www.kreis-steinfurt.de

Der vorliegende „Elternratgeber Schule“ wurde an den Ratgeber des Kommunalen Integrationszentrums des Kreises Minden-Lübbecke angelehnt.

**Übersetzungen**
acj SPRACHLOS GmbH (Münster)

Stand: Juni 2022

**www.kreis-steinfurt.de/integration**

Das Kommunale Integrationszentrum Kreis Steinfurt wird gefördert vom:

Ministerium für Kinder, Familie, Flüchtlinge und Integration des Landes Nordrhein-Westfalen

Ministerium für Schule und Bildung des Landes Nordrhein-Westfalen